


# Обвинение против дедото на Тамара за обидот за убиство на Тодоров

ХРОНИКА / 28.09.2017 / 18:03

**Основното јавно обвинителство – Скопје, по завршената истрага, поднесе обвинителен акт против  57-годишен Љупчо Стојановски, дедо на починатата Тамара од Велес, кој на 1 јуни годинава пукаше во поранешниот министер за здравство, Никола Тодоров.**



Тој се товари за две кривични дела – убиство од член 123 во врска со член 19  и недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи од член 396 од Кривичниот законик. Заедно со обвинителниот акт, надлежниот јавен обвинител до судот поднесе и предлог за продолжување на мерката притвор поради постоење опасност од бегство на обвинетиот и опасност од извршување на истото кривично дело.

Инцидентот се случи на 1 јуни годинава. Според она што го кажал пред полицијата, дедото на Тамара дошол утрината сам во Скопје. Кај себе имал повратен билет за Велес. Кажал дека тој прво го чекал Тодоров пред неговиот дом, но ексминистерот не се појавил. Потоа дошол пред Министерството за здравство и веднаш кога му се појавил пред очите, почнал да пука кон него. Тодоров не беше повреден.

Мајката на починатото девојче од Велес рече дека револтот во семејството е голем, но дека никогаш не помислила дека татко ѝ ќе посегне по животот на ексминистерот Тодоров од кого семејството и јавноста бараат одговорност за смртта на Тамара. Тамара почина чекајќи Фондот да ѝ одобри средства за операција во странство.

0 коментари

Подреди по Најстари

Додај коментар...

1 час Ереван: Азербејџан користи балистички ракети против цивили

1 час Истегнување нозе со Памела Рајф

2 часа Шефот на Ред Бул ја коментираше одлуката на Хонда да ја напушти Ф1

2 часа Дневен преглед на состојбата со COVID-19 во светот

3 часа Привремен сообраќаен режим во Скопје в недела поради маратонот

## ХРОНИКА



Судир меѓу воз и трактор кај Штип


Антикорупциска отворила предмети за злоупотреби на фондови на ЕУ и за кршење на законот при именувања директори во ФЗОМ


Казни за 874 лица за неносење маски


Побаран притвор за 55-годишен скопјанец поради силување




## ВЕСТИ












Судир меѓу воз и трактор кај Штип


Комитетот на министри бара Бугарија да дозволи регистрација на здруженијата на македонското малцинство


Антикорупциска отворила предмети за злоупотреби на фондови на ЕУ и за кршење на законот при именувања директори во ФЗОМ


Детална анализа за порастот на заболени од Ковид, викендот препорака за евентуални нови рестриктивни мерки


Рама: Амбиција на двете влади е да се укине границата меѓу Албанија и Косово


Османи: Имаме високи очекувања од ЕУ и активно се подготвуваме за стартот на преговорите



© 2005-2020 Кајгана Медиа. Сите права задржани.

Согласни со iab. Етички кодекс